*Александар Апостолов*

# РАЗВИТОК НА ТРГОВСКАТА КУЌА АРСО И МИЛАН ГЕНОВИ

## (Прилог кон економскиот развој на Македонија на преминот од XIX во XX век)

На преминот од XIX во XX век, со интензивно навлегување на индустриски стоки и капитал во Турција, се раздвижуваат и домашните трговци од најразлично народносно потекло (Евреи, Грци, Цинцари, Ерменци и др.) и земаат виден удел во подемот на трговијата и другите стопански дејности во Македонија. Во овој период развиваат трговска дејност и трговци од македонско потекло, и тоа не само во Македонија, односно Турција, и балканските земји, туку и во останатите земји од Европа. Карактеристично е и битно за овие трговци (што особено сакаме да го истакнеме) дека некои од нив веќе се здобиле со нужно образование, со знаење повеќе јазици и со искуство во трговијата што им овозможуваа успешно да конкурираат на веќе, дотогаш, познатите трговски куќи и фирми.

Секако дека бројот на позаможните трговци—Македонци е далеку поголем отколку што нам ни е познато. Основна причина за да остане непозната дејноста на еден дел од овие претприемчиви луѓе лежи во тоа што од нив не ни останала писмена документација за нивната трговска дејност. Подоцна и да имало таква, кога се случуваат судбоносни настани во Македонија и околу неа (Балканските и Првата светска војна), претполагаме дека таквата документација исчезнала. Во виорот на овие настани, како и во периодот што следи по нив, од познати причини, македонското стопанство страда целосно, а огромен дел од македонските трговци, претприемачи и други стопанственици биле стопански сосипани или пак се растуриле емигрирајќи од Македонија.

Во нашите архиви досега се собрани и некои материјали за стопанската дејност на повидни Македонци коишто играле важна улога во стопанскиот развој на Македонија од овој, па и од поранешниот период од нашето минато но повеќе се однесуваат воглавно за стопанскиот развиток на западниот дел од Македонија. Во Архивата на СР Македонија во Скопје постои фонд од личната архива на Арсо Генов и на него-

виот син Милан Генов со доста богат материјал[1]). Покрај податоци за нивната биографија, овој фонд содржи и неколку „тевтери" — деловни книги во кои, на многу педантен и стручен начин, се забележани нивните трговски и професионални дејности и деловни врски на едно широко подрачје од Македонија и со други земји.

Од биографиите на Арсо Генов и на неговиот син Милан (што понатаму накусо ќе ги изложиме), како и од нивниот подем и стагнација во стопанската дејност, може донекаде да се заклучи за развојот на македонската буржоазија, за нејзиниот успон и пропаѓање, зависно од внатрешните и надворешните (стопански и политички) услови што ја диктираа оваа еволуција на врвниот слој од тогашното македонско општество. Од архивските пак документи што прв пат овдека ги објавуваме и кои се мошне интересни, се добива општ впечаток за способноста, за виталноста и за умешноста на ова семејство во првобитната акумулација на капиталот во Македонија. Но да почнеме најнапред од родоначалникот на оваа трговска куќа.

АРСО ГЕНОВ е роден во Злетово 1854 година. Основното образование го завршил во Злетовското училиште на „црквено словенски" наставен јазик. Неговиот татко Гено имал голем ан во Злетово и прилично голем земјоделски имот[2]). Арсо Генов во Злетово тргувал со колонијални стоки, а кога стапил во роднински врски со познатиот трговец од Штип Санде Грличков, се преселил од Злетово во Штип (околу 1889 г.), а анот и имотот во Злетово му го оставил на својот ортак, со 50 лири турски капитал[3]). Приходите и имотите на Генов можат да се систематизираат вака:

1. Приходи од ортачката дејност во Злетово

Во 1891 година чиста печалба од анот и имотот изнесувала 90 турски лири;

Во 1892/93 година, само Арсо зел печалба 50 турски лири и оставил капитал од 126 турски лири;

Во 1895 година, откога ги пресметале приходите и ги одбиле сите разноски со ортакот, ја поделиле печалбата, а во дуќанот оставиле капитал во износ од 11.226 турски гроша;

Во 1897 година оставиле капитал 12.380 гроша или околу 100 лири турски (сметајќи ја лирата по 124 гроша тогашен курс);

Во меѓувреме тргувале со „сувати" (угоен добиток) и заработиле 8.867 гроша или околу 70 турски лири;

---

[1]) Архив на Македонија, Скопје, Фонд Милан Генов. — Во својот „домашен тевтер" што датира од 1890 година Арсо Генов забележал: „Тука стое што имам мои капетали у шарлаганџилницата и у сички стоки што имам у злетовскио дуќан с'што и у двата дуќана што е моја сермија у тај тевтер за секоја година како што сме есап гледале со ортаците ми. Принадлежи на АРСО ГЕНОВ И НАСЛЕДНИК ЕГО МИЛАН АРСОВ". Под ваков наслов била позната неговата трговска фирма.

[2]) Според усното кажување на Марија Мацова, родум од Кратово, блиска роднина на Арсо Генов.

[3]) „Домашен тевтер" стр. 2—3.

Од 1891 до 1900 година, според пресметките во „тевтерот” Арсо Генов имал чиста печалба од имотот во Злетово 20.587 турски гроша или околу 166 лири.

2. Имоти во Кочани и Кочанско

Како што спомнавме понапред, Арсо Генов се преселил во Штип и се заортачил со Санде Грличков. Тие развиле голема трговска дејност во штипската област и купувале заеднички имоти во Кочани и околните села. Така во „домашниот тевтер” под наслов: „Што имаме ортачки мулк со Санде Грличков” за 1903 година запишани се следниве имоти:

а) Во Кочани

Еден ан;
еден дуќан;
една машина за влачење волна;
една куќа;
ниви;
плацеви.

б) Во с. Грдовци

Во 1891 година купиле 11 ниви за сума од 21.225 гроша турски или за 212 лири турски;
дуќан и плац за 116 лири турски.

в) Во с. Зрновци

Две ниви.

Вредноста на сите овие имоти изнесувала 54.300 гроша.

Куќата и анот во Кочани, дуќанот во с. Грдовци, како и другиот имот го издавале под кирија, но висината на годишните приходи не е покажана.

3. Имоти во Штип

На 19 мај 1890 година Арсо Генов станал ортак со Санде Грличков од Штип, како што и порано кажавме, а како заеднички имот во Штип имале дуќан на „Бал’к пазари”.

Во дуќанот само Арсо вложил капитал 46.151 гроша.

Заклучно со 1895 година само Арсо Генов добил чиста печалба од овој дуќан во износ од 72.545 гроша турски или околу 600 лири турски.

Од 1895 до 1900 година само Арсо Генов имал чиста печалба од 84.166 гроша турски.

Во 1903 година, на 14 октомври, вредноста на готовите стоки во Штип изнесувала 131.022 гроша.

## ПРЕРАБОТКА НА АФИОНСКО СЕМЕ ВО ШАРЛАГАН И СУСАМ ВО ТААН И ПРИХОДИ ОД ТРГОВИЈА И СО ДРУГИ СТОКИ

Во сметководните книги има евиденција по години за откупување на афионско семе и сусам и нивната преработка во зејтин и таан. Не е забележано дали и таа дејност била ортачка со Санде Грличков, но од тоа што ни е познато веруваме дека оваа преработувачка дејност била ортачка во „шарлаганџилницата” што ја имале во Штип.

Уште пред доаѓањето во Штип, каде што се населил, Арсо Генов откупувал афионско семе и го преработувал во шарлаган, секако во шарлаганџилницата во Злетово, која во тоа време била сопственост на Димитри Аџијата од Злетово.

Во 1889 година откупил афионско семе од Злетовско, Кочанско и Штипско во износ од 21.812 ока, а за сума од 36.801 гроша, а сусам 6.123 ока за сума од 15.446 гроша.

Од 16 септември 1889 г. до 7 мај 1890 година преработено афионско семе во шарлаган во 401 „нубета"[4]) 22.120 ока, а сусам во 99 нубета 5.930 ока.

Во 1890 година купено афионско семе 33.912 ока, од него продадено 10.766 ока, а во шарлаган преработено 22.220 ока.

Сусам купено 4.930 ока, а во таан преработено 4.815 ока.

Во 1891 година купено афионско семе 24.970 ока, а од тоа преработено до 28 април 1892 година во 412 нубета 22.440 ока.

Сусам купено 5.797 ока, а преработено 4.890 ока во бел и црн таан.

Во 1892 година сусам купено 5.744 ока, преработено 5460 ока.

Во 1893 година сусам купено 15.544 ока.

Во 1894 година афинско семе преработено 23.157 ока.

Во 1895 година афионско семе преработено 21.450 ока.

Од книгите на материјалното работење се гледа дека Арсо Генов тргувал и со свилени кожурци.

Во 1889 година купил од Кочани, Виница, Злетово и Зрновци кожурци за 126 турски лири.

Во август месец 1889 година продал на некој Евреин од Солун 194 ока свилени кожурци за 6.816 гроша, по цена од 35 гроша оката.

На 21 јуни 1890 година продал 388 ока кожурци на „Латино".

Во 1891 година купил 521 ока свилени кожурци.

Арсо Генов тргувал и со опиум. За тоа има забележано во 1892 год.

Во 1898 година продал во Солун 477 ока опиум.

Во еден од „тевтерите" е забележано дека Арсо Генов бил „контракт" — снабдувач на турската војска со некој Мехмед Ефенди. Само во месец јануари и февруари 1899 година откупиле 200.000 ока слама за потребите на турската војска.

## ВЕРЕСИИ

Како што тогаш било вообичаено, стоката се давала и на ситни трговци и на потрошувачите муштерии и на вересија. Од покажаните вересии што Арсо генов ги давал на своите муштерии во некои години се гледа, донекаде, и размерот на неговиот промет што го правел во тие години. Така на пример во 1895 година, само во Кочани имал вересии 12.487 гроша, а во 1896 година во истото место вересиите изнесувале околу 12.000 гроша.

[4]) „Нубет" — количество семе што наеднаш може да се преработи во шарлаганџилница.

Во 1902 година дал на вересија во Кочани, Виница и околните села сума од 21.316 гроша.

Во Штип имал вересии за 1895 година сума од 10.191 гроша, а за 1901/902 година вересиите се покачиле на 174.293 гроша.

Од 1901 година нема податоци за размерот на трговијата што ја водел Арсо Генов. Најверојатно е дека во архивата не се предадени деловните книги од годините што следуваат. Сигурно е дека тој понатаму се бавел со трговија, секако пак со ортакот Санде Грличков. Ова го тврдиме зошто на едно место сретнавме во документите дека и во 1915 година заедно со Грличкова тргуваат со шарлаган и тоа со српски динари. Во 1916 година, во времето на бугарската окупација на Македонија, Арсо Генов тргува со масло од памучно семе и со сода каустик за правење сапун.

Како што видовме понапред, Арсо Генов ја започнал својата трговска дејност на село, а потоа, одејќи за поголема печалба се преселува в град, а потоа во Скопје (поголем град) купувајќи имоти, зголемувајќи ја печалбата и својот трговски капитал до неколку илјади турски лири. Неговите чести контакти со опитни трговци од поголемите трговски центри (Солун и др.) му давале можност да заклучи дека и трговијата е честопати ризична дејност, та тој се решил за напред да вложи во една потрајна инвестиција. Имено, на својот единствен син му овозможил да заврши фармација, пак со цел да отвори аптека во Скопје, како поголем град и, покрај вршењето на аптекарската дејност, да развие трговија со секакви стоки, како што ќе видиме понатаму.

Милан Арсов Генов, синот на Арсо роден е исто така во Злетово 1877 година. За да му даде што пошироко образование, но тоа да не биде едносмерно, татко му Арсо го испраќа на школување во Ќустендил, потоа во „Идадието" во Солун, па во Разград и уште три години на фармација во Цариград. Дипломата ја зел на 19 август 1900 година. За школувањето на својот син Милан, Арсо Генов потрошил 28.060 турски гроша. Во текот на школувањето на синот секоја потрошена сума ја забележувал. Забележил дури и колку ги чинело одењето со жена му до Цариград за да го посетат Милана дури студирал таму.

По се изгледа дека во 1900 година Милан Генов, веќе како дипломиран фармацеут се преселил од Штип за Скопје и во 1901 година отворил аптека со фирма: Аптека „Цариград" (Константинопол). За отворање на аптеката Арсо Генов му дал на сина си 90 турски лири.

МИЛАН ГЕНОВ бил амбициозен млад човек. Преку школувањето се здобил со прилично широка култура. Одлично го познавал францускиот јазик. Неговите деловни писма до трговските партнери од странство ги пишувал на француски јазик. (Тој одлично го познавал и бугарскиот литературен јазик, што може да се види од кореспонденцијата (копија на писма) што ја водел со луѓе од Бугарија). Турскиот јазик и арапското писмо исто така добро ги познавал и кореспондирал на нив пак со луѓе со кои имал контакти во својата аптекарска и трговска дејност. Но тој не е свртен само кон својата аптекарска и трговска дејност, туку неговиот интерес е упатен и кон културно издигање. Тој ги следи редовно

списанијата: „Библиотека", „Поука" и „Художник" и е претплатен на нив. Музиката исто така е негова преокупација во слободните часови. Самиот свирел на клавир што го порачал за себе од Виена. Со ваков образовен профил Милан Генов, на времето, повеќе прилега на современ „бизнисмен", отколку на „обичен" балкански полуписмен или неписмен трговец, каквишто се замислуваат од тој период.

По отворањето на аптека во Скопје, изгледа дека Милан Генов се до 1903 година главно се бавел со аптекарската професија. Од декември 1903 година запазени се копијата на писма упатени до лица и фирми со кои имал трговски врски. Оттогаш датира и неговата проширена трговска дејност со познати трговски центри на Балкансот и воопшто во Европа.

Присуството на татко му Арсо кој имал голем трговски и животен опит, со голем (за времето) капитал и со разгранети трговски врски, како и сестраната помош што му ја давал, создале одлични услови на овој ин елигентен и образован човек да развие трговска дејност со многубројни трговски фирми, индустриски магнати и одделни лица, купувајќи и продавајќи главно нови европски стоки кои го освојувале пазарот во Турција, односно Македонија.

Со зголемувањето на градското население по природен пат како и од населувањето на разни стручњаци во новосоздадени индустриски претпријатија, како и од имигранти („муаџирите на пр.) потребите за луксузни и нови индустриски стоки се зголемиле и кај еден дел од населението на Турција. Тоа го констатира и австро-унгарскиот конзул Шмукер: „Интересно е да се одбележи, вели тој, како некогаш толку примитивните малубројните потреби на населението се зголемуваат и префинуваат; како се внесуваат нови артикли на кои порано овдека одвај им се знаел називот; како се подобрува самиот квалитет на вносот и како постепено се буди шпекулативен дух"[5]).

Сите овие услови биле погодни за претприемчивиот Милан Генов и тој одлично знаел да ги искористи и да развие трговија со разни видови стока. Покрај фармацеутски стоки и нужен инвентар за својата аптека во Скопје, Милан Генов развил трговија со фотографски апарати, со фотоматеријали, со колонска вода, разни мириси, па се до машини за правење сода-вода, билијари за играње и разни анилински бои. Тој дури ги подучувал (преку писма) луѓето на фотографски занает штом од него ќе купеле фотоапарат, па и тоа го наплатувал бидејќи: „Моето време е скапо, му пишува тој на својот клиент Петар Димков, ќе ми платиш (за подучувањето — А. А.) една лира"[6]). Тој во 1904 и 1905 година бил истовремено и претставник на компанијата „New York" за осигурување животи на луѓе. До крајот на 1906 година осигурал 30 лица. Премијата за осигурување на едно лице се движела од 3—6.000 франкови.

---

[5]) Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Скопје, 1967, стр. 374—375 во фуснотата.

[6]) Архив на Македонија, Скопје, Фонд Милан Генов, книга на копии од испратени писма, стр. 88.

Колкава била неговата деловна кореспонденијца може да се заклучи од бројот на писмата што ги испраќал. Само за време од три и пол години (од декември 1903 до јуни 1907 г.) бројот на пратените писма за кои оставил копии е над 500.

За размерот и разгранетоста на неговите врски во трговијата нека ни послужи подолу наведениот регистар на лицата и фирмите со кои тргувал и водел кореспонденција.

## I ОД МАКЕДОНИЈА

### 1. Од Велес

а) со Манче Хаџи Костов. Преку него Милан Генов ги снабдувал велешките фотографи со фотоматеријали;

б) со Димче Гочев. На овега му продал фотоапарат во вредност од 2 лири и 178 гроша.

Арсо Генов, таткото на Милана, од Велес и Велешко откупувал опиум.

### 2. Од Куманово

а) со Моне Иванов кому му продава фармацеутски стоки и фотоматеријали;

б) со Милан Дапчев и комп., За негова сметка купил 5 вагона осатка (сорта пченица) или во тежина од 47.170 ока;

в) со Милан Димков Думановски. Преку арабаџии му испраќа фото материјали;

г) со Антим Катланов. Му продава фотоматеријали;

д) со Милан Димков, „безчија" (мануфактурист). Му продава фото материјали.

### 3. Од Неврокоп

Со Ана Лазарова. Неа, во писмото, ја наречува „снахо" и ја повикува во Скопје „за да си ги видат сметките, или да го испрати мажот Лазар".

### 4. Од Солун

Неговите врски со Солун се најразгранети и најмногубројни.

а) со Андон Х. Пиперевски. Овој му служи и како трговски агент и како шпедитер на купените во Солун стоки. Стоката му се испраќа со воз за Скопје директно. Преку Пиперевски нарачува десетици канти таан, „желатин" и др. материјали. Преку него ги испраќа писмата за Париз и Петроград.

б) со Едуард Абраванел, аптекар. Од него купува фотоматеријал;

в) со Д-р С. Б. Нахмиас; Од него купува фотоматеријали;

г) со Акварone;

д) со Ласкаридис;

ѓ) со Абрам Анѓел;

е) со Allaluf Almochnino. Од него купува кинин и фотоматеријали;
ж) со Whittall Saltiel и Комп;
з) со Емилио Акварони. Од него нарачува стотина етикети на бугарски јазик за потребите на аптеката;
и) со Д. Пенушлиева. Од неа бара да му испрати лутриски лозови;
ј) со Г. Н. Пентзикис. Од него купува фармацеутски стоки;
к) со Рифат Ефенди, дентист. Преку него купува лекови.

5. Од Штип

а) со Санде Грличков. Арсо Генов му е шура на Сандета и се ортаци;
б) со Мане Д. Варадинов. Нему му продава фотоматеријали;
в) со Данче Лазаров. Му продава фотоматеријали;
г) со Александар Коцов. На овега му продава машина за правење сода-вода. Му пишува дека само за транспортот на машината треба да плати 10 турски лири;
д) со браќата П. Бојаџиеви. Ним им продава бои и киселини. И покрај тоа што железницата само еднаш месечно формирала композиција за „опасен товар”, Милан Генов ги поткупувал железничарите и ги испраќал стоките наменети за Штип до велешката жел. станица;
ѓ) со Данчо кафеџијата од штипско Ново Село. Преку Тодор Грличков (син на Санде Грличков) Милан Генов му продава билијар за играње за кафеаната;
д) Димко Донков. Со него Арсо Генов ја води кореспонденцијата на штипско наречје.

## II. ОД ДРУГИТЕ КРАИШТА НА ТУРЦИЈА

1. Од Косовска Митровица

а) Со Петар Димков. Со писмо од 15 јули 1904 г. на овега му нуди фотоматеријали и фотографски апарат. И уште две писма што ги испраќа до Димков напишани се на македонски јазик.

2. Од Нови Пазар

Со Русе Михајлов. Му продава фотоматеријали.

3. Од Призрен

На Спиро Антиќ му предлага од него да се снабдува со фотоматеријали.

4. Од Цариград

а) со Karakach frères;
б) Diradour;
в) со Nikolas A. Jeannidis. Милан Генов е педантен и експедитивен. Бара и од своите партнери да бидат такви. Тој ја укорува оваа фирма за „лежерност во испораките на стоки”.
г) со компанијата New York. Со писмо од 22 мај 1905 година упатено до оваа компанија Милан Генов го препорачува за нејзин застапник во Скопје лицето Ѓорѓи Иванов Вучидолов, да осигурува лица.

## III. ОД БУГАРИЈА

### 1. Од Пловдив

Со А. Папазов. Првпат (на 4 март 1904 г.) порачува од оваа фирма мириси. Во второто писмо од 24-III-1904 година Милан Генов бара од Папазов да ги продава неговите производи и вели: „Јас ќе се трудам со сите средства за распространување на Вашите производи овде (во Македонија — А. А.) или преку месните весници или преку одделни афиши. Но за да отпочнам со таа реклама јас сакам да ми гарантирате дека освен мене никому во Скопје нема да му продавате од Вашите производи. . . Сакам претставништвото на Вашата фабрика во Скопје да го имам јас". Понатака го моли да му испрати потврда дека стоките се од бугарско потекло за да не плаќа царина.

На 15 април 1904 година Милан Генов првпат порачал од оваа фабрика дрогериски стоки во вредност од 400 златни лева. За купената стока испраќа пари на фабриката со cheque sur Paris № 483 од банката Метелина). Во писмото вели дека пристигнатите стоки многу брзо се продаваат. Со писмо од 30 мај, Милан Генов му пишува на А. Папазов да му испрати поголемо Количество стоки за да ги снабдува скопските трговци на едро. Меѓу набавените стоки од оваа фабрика преовладуваат разни сапуни, прашоци за миење заби и мириси[7]).

### 2. Од Софија

а) со Мишо Коцев, содаџија. Нему му продава захарин.

б) со Христо Пеев. Бара да му испорачува кремови и пудра. За свој гарант го посочува трговецот од Софија Хр. Пиперевски и комп. кој може да гарантира „за каква било сума во иднина".

в) со П. Генадиев. Од него бара да му ги испрати списанијата од 1906/7 година „Библиотека", „Поука" и „Художник" и да го претплати и во иднина на овие списанија.

### 3) Од Стара Загора

Браќата Матеви ги известува дека отвора продавница на коњак, ликер и други пијалоци; бара да му испорачаат коњак од бугарско производство за да го продава место коњакот „Метакса".

## IV. ОД АВСТРО-УНГАРИЈА

### 1. Од Atzgersdorf bei Wien

Од Edmond Luner Clavierfabrik Alois Parttart's бара да купи клавир за лична употреба. Таков клавир му бил испорачан.

### 2. Од Виена

а) со Bernard Wachtl. Од него бара да купува фотоматеријали;
б) со Karl Ernst и комп. Од оваа фирма купува фотоматеријали;

---

[7]) Пак таму, стр. 86—88, 50 и 72.

в) со R. Huttig und Sohn-Fabrik photographischer Apparate auf Aktien R. Hüttig Sohn. Од оваа фирма најмногу купувал фотоматеријали;

г) со Karl Ernst und K$^{oo}$ тргува во 1905 г.

д) со Berdach Goldschmid. Од него набавува тегли разни димензии за аптеката и други инвентар.

д) со Emil Lederer. Од него порачува стоки фармацеутски за 450 круни;

ж) со Hammer und Voršak;

з) со Gewitsch J. H. Sohne;

и) со Carl Pochtler. Од него купува машини за правење сода-вода.

## V. ОД АНГЛИЈА

### 1. Од Wellington Som

Со Egerton Burnett L$^{td}$ бара штофови за облека за да ги снабдува скопските шивачи. Истовремено бара да му се соопшти колку ќе добива рабат за продадените стоки.

## VI. ОД ГЕРМАНИЈА

### 1. Од Берлин

а) Actien Geselschalt für Anilin Fabrication Section photographique. Набавува хемикалии за фотографска дејност;

б) со R. Forster-Billardfabrik. Бара три комплетни билијари. Во писмото, меѓу другото, вели: „Јас се занимавам и со увоз на индустриски европски стоки"[8]).

в) со Neuen Photographischen Gesellschaft. Од оваа фирма купува фотографски апарати.

### 2. Од Дрезден

Од R. Hüttig i Sohn-Fabrik Photograph. Apparate auf Aktien R. Hüttig und Sohn купува фотоапарати марка „Klapp-Camera", „Helios". Бара да му се испраќаат „par grande-vitesse".

### 3. Од Франкфурт

H. Fischer. Наеднаш порачува стока за 59.000 марки.

### 4. Hoechst a/M

Од Meister Lucius und Bruntng купува бои за бојадисување.

### 5. Од Unter Maxdorf

Од Elf. Birnbaum купува фотоапарати „Express"

---

[8]) Пак таму, стр. 428.

## VII. ОД ИТАЛИЈА

### 1. Од Милано

Од фабриката за хемиски производи „Lombarda". Наговестува купување на 3.000 шишенца кинин-сулфат.

## VIII. ОД ФРАНЦИЈА

### 1. Од Париз

а) Со Charles Debladis. Од оваа фирма нарачува етикети за аптеката напишани на турски, француски и бугарски јазик.

б) со Armet de Lisle и K[oo]. Од оваа фирма набавува сулфат кинин за својата аптека.

в) со Paul Léfebur. Од него бара каталог и цени на стоките.

г) Direction „New York Life Insurance". Оваа осигурителна компанија имала во Цариград свое претставништво, а во Солун свој агент, Векселман. Милан Генов по едно време бил нејзин претставник во Скопје. Неговиот татко Арсо Генов бил осигуран кај овој завод.

д) со Laroche. Од оваа фирма купува дрогериски стоки во големи количества;

ѓ) со C. Verick. Од оваа фирма набавува микроскопи.

## IX. ОД ШВАЈЦАРИЈА

### 1. Од Берн

L'Institut Bactério-Therapique Vaccinal Suisse.

Испратените писма до своите деловни пријатели во странство Милан Генов ги потпишува со француска транскрипција: „Milan Ghenoff, pharmacien, Uskub, Turquie".

Пообемниот развиток на внатрешната трговија во Турција главно зависел од внесувањето и изнесувањето трговски стоки надвор од границите на земјата. Ова пак, често било условувано од политиката што Турција ја водела спрема земјите со кои имала трговски врски. По воспоставувањето на младотурскиот режим (1908 г.) и како последица од реакцијата на турските управувачи против окупацијата и анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, имал реперкусии врз надворешно трговските врски и ориентација на Македонија. . . Бојкотот и другите мерки на младотурските власти непосредно се одразуваат врз надворешната трговија на Македонија, условувајќи осцилирање и покачување на цените[9]). Па и економската пенетрација на Кралството Србија во Турција, односно Македонија има донекаде негативни реперкусии на вносната трговија со другите земји од Европа заради високите транзитни царини. Сето ова можеби влијае и на дејноста на трговската македонска буржоазија па и на Генови. Затоа ние не најдовме забележана

---

[9]) Данчо Зографски, цит. дело, стр. 394—395.

активност по воведувањето на младотурскиот режим. Можеби не се сочувани документи од нивната лична архива во кои секако би било внесено она со што се занимавале и размерите во кои ја обавувале таа своја дејност. Но сосема е сигурно дека со Балканските војни и последиците што таа ги имала за Македонија воопшто, секнале трговските тековй за Македонија; нејзините трговци и покрупни стопанственици пропаѓаат полека или наеднаш, а нивните позиции ги заземаат често лица од немакедонска народна припадност. Затоа, можеби, податоците за имотната состојба на Арсо Генов од март 1914 година зборуваат за сосема скромни имоти што ги пријавил за оданочување пред српските даночни органи во Скопје. Од пријавата се гледа дека ги поседувал овие имоти:

Една куќа, на ул. Караѓорѓева;

аптека;

плац од 90 $м^2$ на ул. Крал Петар;

плац од 2.000 $м^2$ во „Нова Маала"

капитал во аптеката во вредност од 10.000 динари;

годишен обрт 6.000 динари; печалба 3.000 динари. Од кирија земал годишно 400 динари.

Арсо и Милан Генови, освен за трговија и печалба, се интересирале и за настаните што околу нив се случувале особено во критичните моменти за Македонија. Во тевтерот бр. 2. на страна 12 под наслов „Белешки за реткости" забележани се настани на коишто тие биле современици, а на некои непосредни свидетели. Вакви „белешки" постојат во нивната архива само за периодот од 1909 до 1915 година. „Белешките" ги даваме онака како што се поредени во тевтерот.

„Белешки за реткости":

1909 г., 7 март дојде епископ Неофит[10]).

1910 г., 20 јануари, отиде (епископот — Б. М.) за Охрид.

1910 г., 30 март, Крал Петар отиде од Солун за Белград[11]).

1910 г., 1 август, канонически владика дојде Неофит.

1911 г., 16 мај, султан Решад дојде 4 дена за Идадието — масрав 2.400 турски лири.

1912 г., 20 октомври, дојде крал Петар и седеше до 9-XI.

1912 г., 4 декември, роден ден на престолонаследникот Александар[12])

1912 г., 8 декември, кнез Борис и Кирил од Солун заминаа за Софија[13]).

1912 г., Ило слугата ни од плеврит умре.

1913. г., 20 и 21-II, Триста години на династијата на руският цар — празник.

1913 г., 26 март убиен во Солун (не може да се прочита — А. А.)

1913 г., 26 март за 4 сијалици електрика 64 динари.

1913 г., 9 април, падна Скадар, 101 топ пукале.

---

[10]) Датумите се сметани по стар стил.

[11]) Српскиот крал Петар I Караѓорѓевиќ.

[12]) Помладиот син на кралот Петар Караѓорѓевиќ, подоцна крал на Југославија

[13]) Синови на бугарскиот кнез Фердинанд Кобург.

1913 г., 17 јуни — понеделник, Милан (Генов — А. А.) во затвор, а си дојде на 29 јуни „од апс" од Митровица (Косовска — А. А.).

1913 г., 25 јуни, епископ Неофит ја пресели Епископијата од Скопје во Софија[14]).

1913 г., 27 јуни, молебен се прави заедно со ослободителите Срби.

1913 г., 28 јули, се потпиша мир во Букурешт[15]).

1913 г., 29 август, во црквата св. Богородица молебен за анексијата (секако на Вард. Македонија од страната на Кралството Србија — А.А.).

1913 г., 27 декември, се освети позориште и короната од цар Душан се престави[16])

1914 г., 25 јануари, Панко Здравев се самоуби[17]).

1914, г. 15 март, министерот Марко Ѓуриќ дојде во Скопје.

1914 г., 15 јуни, Видовден, убиен во Сараево престол(онаследник) австриски.

1915 г., 9 октомври до 3 и пол часа борба влезе војска бугарска во Скопје.

1915 г. 11 октомври принц Кирил дојде во Скопје.

Арсо Генов умрел во март месец 1918 година. Неговиот син Милан продолжил да држи аптека во Скопје, но нема податоци да се бавел и со трговија, како што тоа беше случај пред Балканските војни. По Првата светска војна кога во Македонија се случиле низа политички убиства од страна на врховистичките чети и други атентатори надовидни државни чиновници во Македонија (Уредникот на „Јужна Звезда" од Битола, Прелиќ од Скопје, ген. Михајло Ковачевиќ од Штип и др.) тогаш и властите се послужија со истите методи, убивајќи повеќе видни личности од македонско потекло. Бидејќи и Милан Генов бил доста познат во Македонија и имал авторитет сред скопската македонска чаршија во Скопје и „тој бил одбран да биде ликвидиран по повод убиството на генерал Ковачевиќ во Штип"[18]). Тој пред тоа дури добил заканувачко — анонимно писмо, па и предупредувања од неговите пријатели дека ќе биде ликвидиран од властите, та затоа ретко излегувал од својата куќа и аптека[19]). Но ни тие претпазни мерки не помогнале. На 15 февруари 1928 година, во 18 часот на Милан Генов извршило атентат непознато лице во неговата аптека, на ул. Караѓорѓева бр. 24 стрелајќи со пиштол во главата[20]).

„Непознатото лице" не било пронајдено, ниту пак било барано од властите. Но затоа погребот бил многу свечен со присуство на илјади луѓе од Скопје и другите места од Македонија[21]).

Немајќи деца што би го наследиле по смртта, жената на Милан Генов го распродала имотот или го оставила во наследство на својата сестра, и внук, по својата смрт.

---

[14]) Оваа беше егзархиска бугарска епископија што беше принудена да се пресели од Македонија со доаѓањето на српската војска во Скопје.

[15]) За поделбата на Македонија меѓу балканските држави.

[16]) Зградата на ова „позориште" се урна од земјотресот 1963 г.

[17]) Виден трговец од Скопје.

[18]) Според кажувањето на Марија Мацова — живее во Скопје.

[19]) Исто

[20]) Од некрологот што се наоѓа во архивскиот фонд — Милан Генов.

[21]) Според кажувањето на Марија Мацова.

# РАЗВИТИЕ ТОРГОВОГО ДОМА АРСО И МИЛАНА ГЕНОВЫХ


## *РЕЗЮМЕ*

В архиве Македонии г. Скопье, в фонде Милана Генова находится личный архив торговца Арсо Генова и его сына Милана Генова — аптекаря и торговца из Скопья. По этим архивным документам можно проследить торговую деятельность данного торгового дома с 1889 по 1915 год. Эта статья, основанная на архивных документах, дает возможность проследить рост Арсо Генова который из содержателя сельского постоялого двора и мелкого торговца с. Злетово вырос в торговца, чья деятельность распространиласть на Кочаны, Штип и на окрестные села. Арсо Генов и его компаньон Санде Грличков, из Штипа, начиная с 1890 года, скупают почти ежегодно весь годовой урожай мака в долине реки Брегалницы и переработывают его в постное масло. Количество мака и кунжута, которое ежегодно переработывалось на их совместной маслобойне в Штипе составило несколько десятков тисяч ока. Кроме этого Арсо Генов скупал и перепродавал опиум торговцам в Салониках, торгуя в тоа же время и скотом. В начале XX века стоимость всего недвижимого имущества Арсо Генова и его колониальных товаров, которими он торгова, составляла несколько тысяч золотых турецких лир.

Арсо Генов обучал своего единственного сына в различных городах Македонии, а потом отправил его на учебу в Константинопол, где тот получил фармацевтическое образование. В 1900 году Арсо Генов вместо с сыном Миланом переселился из Штипа в Скопье, где Милан Генов открыл аптеку. Кроме занятия своей профессиональной деятельностью, Милан Генов с помощью отца стал и торговцем „модерными” европейскими товарами, которые он ввозил из индустриально развитых европейских стран.

Ввезеные торговые товари продавалис в Македонии и Косово. Его торговая деятельность приняла широкие размеры, капитал также увеличился.

Но когда в результате Балканских и I мировой войны Македония была опустошена и разделена между соседними балканскими государствами, тогда развитие ее хозяйства остановилос, а торговцы или покинули Македонию или обеднели и стали экономически зависимыми от крупных торговых домов метрополий, к которым принадлежали отдельные части Македонии. Точно так же пропал и торговый дом Арсо и Милана Геновых. Милан Генов в королевство сербов, хорватов и словенцев больше не зьнимался торговлей, как раньше, а ограничил свою деятельность исключительно професией аптекаря. 15 февраля 1928 года Милан Генов пал жертвой сведения счетов между верховистскими четами и официальными властяами Вардарской Македонии — на него было сделано покушение в его аптеке в Скопье „неизвестным лицом”.